26755

# ИЗЛОЖБИ

**ШТО СЕ СЛУЧУВА ВО** изложбените салони на Скопје. Едноставно — ништо! Сè уште се затворени, а навестувањата за првите изложби се движат негде кон крајот на овој месец или во почетокот на идниот. Мртвото скопско културно лето во изложбените салони е продолжено и во септември. Моментно во Скопје сè на сè има само една изложба и тоа во Музејот на современата уметност во Скопје каде се изложени скулптурите на племето Маконда од Танзанија. Изложбените салони во Трговскиот центар и во Центарот за култура и информации, галериите „25 Мај“ и „Ко—ра“, како и Уметничката галерија сè уште немаат конкретен план за отворање на своите врати!

А толку многу се зборуваше на разни форуми дека скопското културно лето треба да има нормален содржински континуитет на активностите!

**Петре БАКЕВСКИ**

Вечер Недела

2 страница 5342,

6 СЕПТЕМВРИ 1980 ГОДИНА